РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 04-206/1
17.06 2026 год.
ШТИП

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ, ШТИП Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTE FOR PRESERVING CULTURAL MONUMENTS AND MUSEUM, STIP R. OF NORTH MACEDONIA
ТЕЛ. ++ 389 392 044 WWW.zavodimuzejstip.mk
e-mail : zavodimuzejstip@t.mk

Врз основа начлен 20- а, 20-г и член 21 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (" Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и " Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21,111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 76-ѓ и член 77-а став (1) и став (2) , член 77-в став (1), член 77-г од Закон за култура (Службен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 39/16 и 11/18, и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/24), член 13 став (2) алинеа (7) од Статутот на НУ Завод и Музеј Штип бр.01-202/1 од 23.07.2019 година, Согласноста од Министерство за финансии бр. 19-2517/2 и 19-3133/2 од 22.04.2026 година, Согласноста од Министерство за финансии бр. 19-2516/2 и 19-3134/2 од 22.04.2026 година и Изменет годишен план за вработување на НУ Завод и Музеј Штип за 2026 год. бр.03-53/1 од 09.02.2026 година, в.д.директорот на НУ Завод и Музеј Штип ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За објавување на јавен оглас**

1. Да се објави јавен оглас за засновање на работен однос на неопределено работно време на 2 (две) лица даватели на јавни услуги во културата на следните позиции: КУЛ 0304 Д03 003– Конзерватор за заштита на културно наследство Геолог во Одделението за идентификација и режим на заштита- (1) еден извршител; и КУЛ 0304 Д03 003– Водич во Одделението за современа ликовна уметност и галериска дејност - (1) еден извршител;
2. Вработувањето е предвидено во Измената на годишниот план за вработување за 2026 година бр. 03-53/1 од 09.02.2026 год. а во врска со План за вработување за 2026 година бр. 03-251/1 од 18.08.1015 год.
3. Постапката да се спроведе на начин утврден со Закон за вработените во јавниот сектор, Законот за работни односи, Законот за култура и со примена на одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое се објавува јавниот оглас бр. 01-148/1 од 25.05.2021 год.
4. Огласот ќе трае 15(петнаесет) дена од наредниот денот на објавувањето во дневниот печат, а ќе се објави во весниците Нова Македониаја, Лајме и Слободен печат.
5. Избраниот кандидат да стапи на работа по конечноста на одлуката за извршениот избор
6. Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Директорот на НУ Завод и Музеј Штип, постапувајќи согласно своите надлежности утврдени во Статутот на НУ Завод и Музеј Штип, а истовремено постапувајќи според одредбите на Законот за вработените во јавен сектор, Законот за работни односи, Законот за култура како и по добиената согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време од Министерството на култура и туризам, донесе одлука како во диспозитивот.

*Национална Установа*
*Завод за заштита на спомениците на*
*културата и Музеј - Штип*
*в.д директор*
*Славко Ѓорѓиев*